Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 0/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година.

Бр. 09-6270/47
26.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за спорт и рекреација на**
**Општина Центар-Скопје за 2020 година**

## ВОВЕД

Според Законот за локалната самоуправа и надлежностите на Општината, предвидено е:

- Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;
- Организирање, поттикнување и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во Општина Центар-Скопје;
- Со Програмата, врз основа на финансирањето на проектите во тековната година, ќе се утврдуваат активностите на спортските настани и манифестации што се од интерес на Општината и пошироко;
- За дел од зацртаните определби во Програмата, а по нејзиното усвојување ќе се распределуваат буџетски предвидените средства за финансирање по пат на барања за поддршка на проектите и програмите на спортските клубови, спортистите поединци од нивните матични спортски клубови, спортските здруженија, спортските институции и други организации, а врз основа на тоа и успесите од областа на спортот за тековната училишна и спортска година.

## I . ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Рекреативен спорт што има цел да пропагира и да промовира разновидни спортско-рекреативни содржини наменети за ученички/ученици, деца, млади, како и граѓанки/граѓани - жителки/жители на Општина Центар-Скопје;
- Масовен спорт со посебно внимание посветено на активностите и на вежбите од забавно-рекреативен карактер;
- Заеднички интерес како можност рекреативниот спорт да се обедини, координира и да се реализира со цел да се постави на повисоко спортско ниво;
- Младите да го користат слободното време во спортски активности прифаќајќи ги позитивните вредности што ги нуди спортот, притоа применувајќи и негувајќи ги како животни вредности во иднина;
- Масовно вклучување на младите, а притоа да се промовираат, поттикнуваат, развиваат и да се подигнуваат и натпреварувачкиот дух и фер играта;
- Поголем дел од Програмата да се реализира од Општината, а во некои активности Општината да се промовира и да се стави во улога на поддржувач и покровител.

## II. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

### 1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (ЛИГИ) ЦЕНТАР 2020

Спортските игри Центар 2020 година традиционално ќе се организираат и ќе се реализираат под покровителство и организација на Општина Центар-Скопје.
Се предвидува оваа 2020 година да учествуваат повеќе од 450 ученички/ученици од основните училишта во Општината. Натпреварите ќе се одиграат во лига-систем, по Бергеров модел во повеќе дисциплини и тоа: кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, шах (швајцарски модел), пинг-понг и други спортски активности.
Во реализација на игрите ќе бидат вклучени вработени од Одделението за образование, млади и спорт, ученички/ученици, наставнички/наставници, судии и делегати од спортските федерации, а ќе присуствуваат медицинско лице и полиција во рамките на својата надлежност.

### 2. АТЛЕТСКИ КРОС - ЦЕНТАР 2020

Општината Центар-Скопје ќе организира атлетски крос со учеснички/учесници - ученички/ученици од основните училишта од VI до IX одделение. Ученичките/учениците ќе се натпреваруваат во поединечна конкуренција во повеќе категории и делници според возраста и половата припадност, а најдобрите во натпреварите ќе освојат соодветни награди (пехари) за освоено прво, второ и трето место. Со оваа активност ќе бидат опфатени 280 ученици од сите основни училишта на територија на Општина Центар.

### 3. ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ (МОМЧИЊА И ДЕВОЈЧИЊА) ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Спортската стипендија ќе ги опфати сите активни млади и талентирани спортисти (момчиња и девојчиња) од училиштата на територијата на Општина Центар-Скопје имајќи ги предвид и нивниот квалитет и успех со кој придонесуваат во промоцијата на Општината и на државата на домашен и на меѓународен план. Доделувањето стипендии ќе се спроведува по пат на оглас за аплицирање и според условите за доделување - критериуми и правилник.

### 4. ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТИСТИ (МОМЧИЊА И ДЕВОЈЧИЊА) - ПОЕДИНЦИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Оваа финансиска поддршка ќе ги опфати активностите на спортските клубови, спортистите (преку матичните спортски клубови, кои индивидуално учествуваат според агендите на меѓународните федерации, на спортски натпревари и турнири од балкански, европски или од светски ранг и постигнуваат врвни резултати), спортски институции, здруженија и други организации, како и организирање и спроведување проекти од спортот што со својата активност и

квалитет придонесуваат за промоција на спортот, како на домашен, така и на меѓународен план, како и обезбедување спортска опрема, реквизити и спортски помагала за непречено и ефикасно спортување на спортските клубови и спортистите (момчиња и девојчиња). Доделувањето на средствата ќе се спроведува по пат на оглас за аплицирање и според условите за доделување - критериуми и правилник.

**5. КУПУВАЊЕ СПОРТСКА ОПРЕМА, РЕКВИЗИТИ И СПОРТСКИ ПОМАГАЛА**

Оваа финансиска поддршка опфаќа купување спортска опрема, реквизити и спортски помагала за да ги користат ученичките/учениците од основните училишта за непречено и ефикасно спортување, со што ќе се овозможи постигнување повисоки спортски цели. Планирана е набавка на пинг-понг маси, со кои ќе се промовира овој спорт меѓу ученичките/учениците, но и кај повозрасните, кои ќе можат да ги користат за рекреација по завршувањето на наставата во училиштата. Дополнително ќе се набавуваат и други спортски реквизити и редовно ќе се обновуваат постојните, кои се од интерес за ученичките/учениците и граѓанките/граѓаните, а за кои ќе се обезбедат средства за финансирање. Овие спортски реквизити се од огромно значење за нашите ученички/ученици и граѓанки/граѓани од аспект на рекреацијата и унапредување на физичкото здравје. Реализацијата на овој проект ќе зависи од соработката со бизнис-заедницата и добивањето грантови од меѓународни организации и институции со кои соработуваме или почнуваме соработка.

## III. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**1.Активност / настан: Училишни спортски игри (лиги) Центар 2020.**

Организатор/Покровител: Општина Центар-Скопје Натпреварувачки дисциплини: Кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, шах, пинг-понг и други спортски активности.

**Реализација и време:** Во текот на цела учебна година.

**Учесници:** Вработени од Одделението за образование, млади и спорт, ученички/ученици од основните општински училишта од подрачјето на Општина Центар-Скопје, наставнички/наставници по физичко и здравствено образование од основните општински училишта, судии од матичните национални федерации, медицински лица, обезбедување и полиција.

**Награди:** Пехари за освоено прво, второ и трето место, медали за освоено прво, второ и трето место. За најдобрите индивидуално прогласени ученички/ученици - спортисти, како и за наставничките/наставниците-тренери за учество и за освоени први три места во училишните спортски лиги предвидени се парични награди.

**Очекувани резултати:** Социјализација (дружење и забава), натпреварувачка атмосфера, јакнење на менталното и физичкото здравје, спортско однесување на ученичките/учениците - навивачи, фанови за фер навивање на спортските терени, подобрување и зголемување на знаењата, умеењата, способностите и вештините кај спортистите - ученички/ученици.

**Трошоци:** Свечено отворање и затворање на игрите, хонорари за судиите и за делегатите (според официјалните ценовници на судиските федерации), наставнички/наставници (за формирање, тренинг и учество на екипа во општинска училишна лига 8.000,00 денари, за освоено прво место по спортска дисциплина - 15.000,00 денари, за второ место - 12.000,00 денари и за трето место - 10.000,00 денари), парични надоместоци за: естрадни уметници и забавни групи. Ќе се обезбеди спортска опрема за ученички/ученици-натпреварувачки/натпреварувачи, наставнички/наставници, соодветни дресови по спортска дисциплина, тренерки, организациони технички трошоци, озвучување, балони и конфети, медицинско лице или итна медицинска помош, освежување (флаширани води), награди за освоено I, II и III место, пехари, медали и признанија.

**Износ: 650.000.00 денари.**

**2.Активност/настан: Атлетски крос - Центар 2020.**

**Организатор/**покровител: Општина Центар-Скопје.

Натпреварувачки дисциплини: Трчање поодделно на повеќе делници по возраст и по пол.

**Време на реализација:** Во текот на цела 2020 година.

**Учесници:** Ученички/ученици од основните општински училишта од подрачјето на Општина Центар, професорки/професори по физичко и здравствено образование од основните училишта, вработени од Одделението за образование, млади и спорт во Општина Центар-Скопје, медицински лица.

**Награди:** Доделување пехари на тројца најдобро пласирани во машка и во женска конкуренција по делница.

**Очекувани резултати:** Натпреварувачка атмосфера, дружење и забава.

**Трошоци:** Комплет маички и гаќички во седум различни бои со лого на Општината и име на училиштето, пехари, најмување постамент за прво, второ и трето место, големи чадори - куполи, маси, столчиња, озвучување, медицински лица или итна медицинска помош.

Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од донации и спонзорства во износ: **50.000,00 денари**.

**3.Активност/настан:** Доделување спортски стипендии на талентирани спортисти (момчиња и девојчиња) од подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Покровител:** Општина Центар-Скопје.

**Време на реализација:** Во текот на цела година, девет (9) месечни спортски стипендии.

**Учесници:** Спортисти (момчиња и девојчиња) од Општина Центар-Скопје.

Очекувани резултати: Стимулирање и афирмација за постигнување подобри резултати на активните млади и талентирани спортисти (момчиња и девојчиња) од основните училишта од подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Износ: 630.000,00 денари.**

**4.Активност/настан:** Доделување финансиска поддршка на спортските клубови, спортистите (преку матичните спортски клубови што индивидуално учествуваат според агендите на меѓународните федерации, на спортски натпревари и турнири од балкански, европски или од светски ранг и постигнуваат врвни резултати), спортските институции, здруженија и други организации и организирање и спроведување проекти од спортот.
**Покровител:** Општина Центар-Скопје
**Време:** Еднократно, во текот на цела година.
**Учесници:** Спортски клубови, поединци, спортски институции, здруженија и други организации.
**Очекувани резултати:** Афирмација, подобрување и зголемување на спортските успеси на домашен и на меѓународен план.
**Износ: 7.000.000,00 денари.**
**Од буџет на Општина Центар: 1.000.000,00 денари.**
**Средства од донации: 6.000.000,00 денари.**

## IV. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**1.КК Работнички АД Скопје**

## V. ПРЕГЛЕД НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**Активност/настан:** КК Работнички АД Скопје, учество во лига-системи
Организатор: КК Работнички АД Скопје.
**Време на реализација:** Во текот на цела 2020 година
Учесници: Сите категории на клубот.
**Очекувани резултати:** Традиција, развој и унапредување на кошарката и промовирање на домашната и на меѓународната сцена.
**Трошоци:** Според Програмата и активностите на клубот во сите категории.

**Износ: 24.000.000,00 денари.**

**Од Буџет на Општина Центар: 15.000.000,00 денари.**
**Средства од донации: 9.000.000,00 денари.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **17.280.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година.
Според можноста во тековната година, определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации. За активностите што ги опфаќа Програмата според нивната актуелност, општествен интерес и квалитет, а ќе се појават во текот на 2020 година, може да бидат предвидени и дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Општина Центар-Скопје преку Одделението за образование, млади и спорт ќе потпише меморандуми за соработка и со организации, здруженија, клубови и други форми што се занимаваат со рекреативни спортски активности (фитнес клубови, аеробик, теретани, пилатес и сл.), со цел на своите граѓанки/граѓани да им обезбеди непречени спортски активности по субвенционирани услови, а со цел развој на спортските навики и подобрување на здравјето и на физичката кондиција на граѓанките/граѓаните.
Следењето на активностите и реализацијата на оваа Програма ќе се одвива преку Советот на Општина Центар-Скопје и неговите соодветни работни тела (комисии).
По реализацијата на проектите предвидени со оваа Програма, секој организатор и реализатор е должен до Советот на Општина Центар-Скопје да достави извештај за реализираниот проект.

| LOO | Спорт и рекреација | Вкупно расходи |
|---|---|---|
| 42. | Стоки и услуги | 17.280.000,00 |
| 421310;<br>425990;<br>426990 | Училишни спортски игри Лига Центар 2019<br>Атлетски крос - Центар 2019 | 650.000.00<br>0.00 |
| 464120 | Спортски стипендии на талентирани спортисти (момчиња и девојчиња) од подрачјето на Општина Центар-Скопје | 630.000,00 |
| 463120 | Финансиска поддршка на спортски клубови и спортисти (момчиња и девојчиња) | 1.000.000.00 |
| 463120 | КК Работнички – учество во лига-системи | 15.000.000,00 |

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6270/46
26.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска